**Малвина ТЕМА**

# КРИТИЧКИ ОСВРТ КОН ЕВЕНТУАЛНАТА ХЕГЕМОНИЈА НА ЕУ: РЕКОНЦИПИРАЊЕ НА «МОЌТА» НА УНИЈАТА ВО ПОГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА КРИЗА

## Теоретски пристап за прашањето на «моќта» во меѓународниот систем

Од Мирот на Вествалија во 17-от век, преку колапсот на комунистичкиот режим во почетокот на 1990-те па до денес, меѓународниот систем еволуирал според различни рамки. Всушност, пред да се елаборира карактерот на меѓународниот систем, основното прашање би било *како да се препознаат актерите.* Прво, постои потреба да се сфати до која мера ЕУ е постојан и конзистентен актер во мулти-актерскиот систем. Второ, треба да се согледа динамиката и формата на меѓународниот систем, прашање за кое треба да се побара одговор од дебатата за меѓународните односи. Според Бретертон и Фоглер, во однос на прашањето за вклученост, "класичниот или реалистичниот пристап се државо-центрични, водејќи кон меѓудржавен политички систем. Може да бидат вклучени и друг вид актери, но нивната улога во суштина е подредена на улогата на држа-

*Авторката е магистерка по европско право и политика и предавач по политички науки и ЕУ право, Тирана, Албанија*

вите како актер. Поплуралистичкиот пристап според кој во опсегот на актери се вбројуваат и недржавни учесници кои не се секогаш подредени на државните, доведува до мешан актерски систем» (Бретертон и Фоглер, 1993, стр. 34). Анализата на плуралистичкиот (либерален или нео-либерален) пристап се обидува да ги прилагоди интересите и активностите на одредени учесници - од граѓани-поединци до социјални движења; - од владини до невладини или меѓувладини актери; - од национални до наднационални учесници. Нивната улога е поеднакво важна за светската политика. Всушност, на тој начин може да се сфати позицијата на ЕУ, меѓу другото и како резултат на дефокусираноста од државноста на глобално ниво, почнувајќи од втората половина на минатиот век наваму. Оваа промена го доведува во прашање класичното разбирање и ја признава улогата на недржавните субјекти, кои придонесуваат во формирањето на светскиот поредок.

Во исто време, карактерот на меѓународниот систем покренува важни прашања.

Во доменот на меѓународните односи, либералите аргументираат дека "големите светски сили имаат кооперативни односи, дека демократијата пушта корени во многу држави кои што долго време страдале од апсолутистички владеења и дека светската економија станува се полиберализирана и поинтегрирана." (Купчан, 1998, стр. 40). Научниците и дипломатите, исто така аргументираат дека збир на фактори како што се економската меѓузависност, технолошките иновации и социјалната аверзија кон ужасите од војната доведуваат до повеќе дипломатски начини за решавање на проблемите. Може да се заклучи дека колку е поголема соработката на меѓународниот систем, толку е помала потребата од унилатерално дејствување. Како резултат на тоа, потребата од глобален чувар – улога која што ја налага хегемонијата - би била помала. Делумно ова се некои од карактеристиките на меѓународниот систем.

За да сфатиме дали може да се очекува Европската Унија да биде новиот хегемон на светот, треба да започнеме со образложување на природата на еден хегемон. Во поголемиот дел од главната литература на Меѓународните Односи концептот за хегемонија конвенционално се користи да се означи состојба на асиметрија на власт со која една држава или субјект станува толку моќен што може да остварува лидерство или доминација во меѓународниот систем (Антониедас, 2008, стр. 2). Поради тоа, државата или субјектот, нарекуван хегемон, хегемонистичка моќ или империјална моќ, има капацитет да наметне фундаментална контрола на подредените држави кои ги исплонуваат

ваквите очекувања. Хегемонот има и други очекувани улоги кои му овозможуваат авторитет, но и улоги кои ја зајакнуваат позицијата на хегемонот над авторитарната надмоќ. Колку се потрадиционални подредените држави, толку хегемонијата станува посилна.

САД е светска суперсила веќе долго време, но де факто постојат знаци на опаѓање. По Втората Светска Војна, САД разви униполарна хегемонија кон Европа преку имплементирање на голем број иницијативи под водство на САД – Бретон Вудс, Обединетите Нации, Општата спогодба за царина и трговија, Европскиот план за обновување и основањето на Северно-атлантската мировна организација НАТО (Келар, 2001, стр. 13).

Во однос на крајот на добата на биполарност, спротивно на предвидувањата на реалистичката школа на мислата што се противеше на враќањето на Хобесиановиот свет, овој процес не бил придружуван од фрагментацијата на меѓународната структура во ривалски раздвоени единици. За време на Студената војна, САД беше единствената суперсила која беше способна да одигра значителна меѓународна улога. Меѓутоа, од тогаш, состојбата е значително еволуирана и изменета.

Во дискусијата за моќта на Европската Унија, и покрај тоа што европската финансиска криза "ескалира", учеството на Европската Унија како наднационален конкурент на хегемонијата на САД не може да се негира. Во полиморфниот свет на денешницата, се создаваат и други извори на моќ. Тие го предизвикуваат постоечкиот поредок. Како резултат на општиот пад на престижот на САД на меѓународната сцена, не постои ниту еден единствен ривал на комплексната големина на САД.

Влијанието и улогата на таканаречените БРИК нации (Бразил, Русија, Индија и Кина) се неминовни. Комбинацијата на елементи како што се бројна популација, брз економски развој и инвестиции во воените структури на овие држави, поставува сериозен предизвик на било која возможна цел за хегемонистичката доминација. Ова е «ветување» за доба на мултиполарност. Се разбира, Европската Унија игра важна улога во меѓународните односи, но е далеку од вистинска хегемонистичка сила. ЕУ има премногу внатрешни проблеми вклучувајќи ги поделените политички мислења, слабоста и ниската енергија произлезена од процесот на проширување, кои се само дополнителни проблеми на оние од финансиската криза.

Има многу пристапи во однос на природата на хегемонијата и тие согледуваат различни фактори обидувајќи се да ги објаснат поединечните особености на хегемонијата, но всушност не постои единствен

збир на фактори со кои може истата целосно да се објасни. Постојат најмалку четири основни димензии на концептот за хегемонија:

"1. Политичка/Институционална

Хегемонот, работејќи со своите сојузници, ги донесува повеќето од правилата кои ги регулираат глобалните политички и економски односи. Хегемонот, заедно со своите сојузници, обично ги контролира поголемиот дел од меѓународните институции.

2.Идеолошка/Нормативна

Хегемонот во голема мерка ги одредува условите на дискурс во глобалните односи. Денес, доминантните идеи за глобализација се идеи на хегемонот.

3.Воена

Хегемонот има најсилна војска во светот, значително посилна од било која на неговите ривали. Неговиот воено-алијансен систем е значително посилен од било кој на ривалските воени блокови.

4.Економски

Хегемонот има најголема и технолошки најразвиена економија во светот. Тој е голем трговски партнер на поголемиот број држави во светот, вклучувајќи ги и повеќето од големите сили." (Хегемонија, против-хегемонија и стабилност, n.d).

**Политичка/Институционална димензија**

Европа се разви во наднационален систем влегувајќи во комплексна меѓузависност и со одлучност да преговара за национален суверенитет на одделните држави за колективна политичка, економска и воена безбедност и просперитет. Да се биде значаен глобален актер овоможува амбициозна улога за Европската Унија: "Унијата мора да го зголеми влијанието врз светските делувања, да промовира вредности како што се мир и безбедност, демократија и човекови права, да овозможи помош за помалку развиените земји, да го одбрани својот социјален модел и да го воспостави своето присуство на светските пазари... да спречи поголема штета на животната средина и да обезбеди одржлив развој со оптимална употреба на светските ресурси. Колективна акција од страна на Европската Унија е постојаната потреба..." (превземено од Бретертон и Фоглер, 1999, срт. 15).

Така, Европската Унија се стреми да биде единствен и кохерентен учесник на европската сцена. Во полиморфната структура, внатрешната кохезија во политичка смисла е многу значајна за учеството, но ЕУ се соочува со голем број проблеми во овој поглед. Способноста на

Европската Унија да функционира на економски и политички се по-комплексната меѓународна сцена зависи од големината на апаратот за донесување одлуки. Со зголемување на бројот на земјите-членки, се зголемува и бројот на нивните ставови, а со тоа тешкотијата на носење одлуки со консензус (Пиенинг, 1997, стр. 202).

Како во секој комплексен систем за донесување одлуки, различните интереси создаваат тензии при формулирањето, приоритизирањето и реализацијата на целите. Ова го успорува, па дури и го попречува формулирањето на политиките и конкретните активности. Поконкретно, според Бретертон и Фоглер основната логика позади реалното дејствување што овозможува да биде сериозен актер е:

“1. Поделба на посветеноста на збир од сеопфатни вредности и принципи

2. Способноста да се идентификуваат приоритетите на политиката и да се формулира кохерентна политика

3. Способноста да се преговара со други актери во меѓународниот систем

4. Способноста и капацитетот да се искористат инструментите на политиката

5. Домашно легитимирање на процесите на донесување одлуки и приоритети, поврзани со надворешната политика.”

(Бретертон и Фоглер, 1999, стр. 38).

Некои од претходно споменатите работи претставуваат слаби точки во политичкото и институционалното функционирање на Европската Унија. Згора на тоа, основата на политичкото учество на ЕУ е поткопана од големиот недостаток на правно лице кое што има голем број последици. Ова е фактор кои што носи негативности, но не е ненадминлив. Односно, “слабите држави може да имаат целосен правен статус, но да бидат незначителен актер, за разлика од субјекти како што е Европската Унија која што има значително влијание без да претставува правен субјект” (Бретертон и Фоглер, 1999, стр. 18).

**Идеолошка/Нормативна димензија**

Низ годините ЕУ е опишувана како граѓанска моќ, суптилна моќ, а од неодамна и нормативна моќ. Во оваа своја функција ЕУ е прилично активна во промовирањето на различни вредности како аспект на нејзината надворешна политика, обидувајќи се да одигра важна и конструктивна улога. Како што аргументираат припадниците на конструктивистичката школа, присуството на концептот на улоги

во главите на полтичарите може да влијае и да ја ограничи нивната дефиниција на интереси и на тој начин да ги моделира нивните политички одлуки. Всушност, улогите се создаваат со конкретни идеи или идеологии. Анализата и интерпретацијата на создавањето на улогите на ЕУ е прилично интересен процес, затоа што на одреден начин тие можат да ги рефлектираат политичката наклонетост и односите на моќ. Дучен го воведува терминот граѓанска моќ за да ја окарактеризира (западно) европската позиција во светот: “Европа би била прва од Стариот Свет каде што војната и индиректното насилство би можеле да бидат заменети со нешто што кое што е повеќе во склад со претставата за цивилизирана политика на луѓето од 20-тиот век. Во ваков контекст, Западна Европа може да биде првиот светски цивилен центар на моќта... - Европа може да се постави да игра стабилизирачка улога на светската сцена. Недостатокот од воена моќ повеќе не е недостаток како што тоа било порано и тоа се должи на фактот дека светот се соочува со промени во изворот на моќта” (превземено од Орби, 2008, стр. 5).

Сепак, едно многу важно прашање кое го наметнуваат научниците е: “Дали може ЕУ да продолжи широко да ги изложува вредностите и принципите додека ги повикува другите да ги бранат истите?” Всушност ЕУ може во голема мера да претставува граѓанска моќ благодарение на воената заштита на САД. Европската Унија има слабости и недостатоци во однос на воедна подготвеност, а ова е важен фактор кој што може да објасни или рационализира зошто Унијата има Кантовска визија за меѓународната политика.

За адресирање на нормативните цели како што се превенција на конфликти, одржлив развој, хуманитарна помош и меѓународни иницијативи во животната средина и социјалната заштита потребни се многу и разновидни ресурси. Тие имаат потреба од мулти-димензионално делување. Поради ова, едноставна нормативна ориентираност на ЕУ не би и помогнала за целосно постигнување на овие цели и нејзино претворање во нов хегемон. Во овој случај потребна е ефективна комбинација на сите фактори.

**Воена димензија**

Основата на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ останува «суптилната моќ». Тоа значи дека употребата на дипломатија, во комбинација со трговските односи и други невоени политики, се обидува да изврши притисок врз меѓународното разбирање. Вак-

вите карактеристики на надворешната политика во однос на улогата на суперсила, наоѓаат објаснување во дефинирањето на Хил којшто вели дека:» ... нагласувајќи ги дипломатските наместо принудните инструменти, средиштето на посредување при решавање конфликти, важноста на долгорочни економски решенија за политичките проблеми и потребата од локално население за да се одреди нивната судбина - сите овие се во спротивност со нормите на политиките на една суперсила (превземено од Брукнер, 2004 стр. 46).

Всушност, идеата дека Европската Унија треба да зборува со еден глас за светските прашања е стара колку и самиот европски интеграционен процес, но Унијата во текот на годините има направено помал напредок во ковањето на заедничка надворешна и безбедносна политика отколку во создавањето на единствен пазар и единствена валута (Европа n.d). Културата на различности која е доминантна во ЕУ не е најдобар предуслов за било каков обид за развој на заеднички европски став за надворешните прашања. Многу случаи покажуваат отсуство на кохерентна позиција на ЕУ на меѓународната сцена. Всушност, ЕУ самата се претставува како хор на гласови на националните влади.

Два различни случаи ја демонстрираат слабоста на ЕУ – слабоста која што ја спречува да биде вистинска воена суперсила, и понатаму - вистински хегемон.

Војната во поранешна Југославија ја откри силата на ЕУ и слабоста на меѓународната дипломатија. Европската економска моќ, политичкото влијание и географската блискост ја направија ЕУ природен медијатор кон кој се упатиле завојуваните Југословени (Бучан 1993, стр. 68). Германија фатално ја наруши кохерентноста на ЕУ со притискање на своите партнери во ЕУ да ја признаат независноста на Хрватска, а потоа и на Босна. Овој чин бил многу значаен и имал значителни последици во овој конфликт. "Ако вие Европејците ја разделите Југославија со Германија отворено заземајќи страна со Хрватска, Франција со Србија и така натаму, ќе ја раскинете мојата држава дури и побрзо отколку што таа веќе се раскинува" во пролета 1991 година рече амбасадорот Михајло Црнобрња, кој беше Југословенски амбасадор во Европската Унија (1989 – 1992) (Бучан, 1993, стр. 80). Најголемото дипломатско оружје на заедницата би било нејзиното единство, но тоа сè уште не било искористено ефикасно до сега.

Во однос на војната во Ирак, во почетокот на 2003 година некои држави-членки на ЕУ како Велика Британија, Италија, Шпанија и Португалија изјавија дека ќе ја поддржат САД. Она што следуваше е значително внатрешно разединување во ЕУ. Останатите земји-членки

и силната француско-германска оска се спротиставуваат на војната.

Во оваа смисла, со ваков вид на преседани на соработката, не може да се очекува ЕУ да стане воена суперсила или хегемонија. Внатре во ЕУ постојат различни идеи за заедничка надворешна и безбедносна политика, постојат натпреварувачки национални интереси помеѓу членовите, а исто така Европејците веруваат во надмоќноста на другите методи како што се преговорите и мултилатерализамот. Покрај тоа, европските даночни обврзници не се подготвени да дозволат трошење на значителни средства на одбрана како што тоа го прави САД. Сево ова продинесува хегемонистичката улога на ЕУ да не биде убедлива.

**Економска димензија**

Во економска смисла, повеќе отколку во било која друга димензија (оттука во релативна смисла), ЕУ сè уште има повисоко влијание и посилен глас во меѓународниот систем. Економијата на ЕУ претставува единствен пазар и денес е полноправна членка во ГАТТ (наследник на европската трговска организација) како дополнителен член, а не на местото на своите земјите-членки (Пининг, 1997, стр. 14).

ЕУ е голем и моќен трговски блок. Единечниот европски договор ја заврти ЕК кон безгранична обединета економска територија, во однос на трговија еквивалентна на една држава. Така, внатрешната трговија меѓу земјите-членки е стимулирана со отстранувањето на трговските бариери и е дополнително стимулирана од Еврото како заедничка валута. Меѓутоа, моменталната финансиска криза на ЕУ придонесува за надолна траекторија на движење на ЕУ и иднината на заедничката валута се доведува во прашање.

Во последните 50 години, ЕУ разви односи со остатокот од светот преку заедничка политика за трговија и договори за соработка. Таа стана клучен актер, тесно соработувајќи со земјите од третиот свет и меѓународните организации. Преку трговска дипломатија, ЕУ се здоби со клучна улога во развојот на меѓународниот економски систем. Трговијата и економските односи, како пресудни точки во стратегијата на ЕУ, лежат во корените на речиси целата надворешна политика. Меѓутоа, ваквата позиција има и негативни аспекти. Понекогаш земјите од третиот свет може да имаат одредени односи со ЕУ за одделни проблеми, а за други прашања да имаат релации со некои од нејзините земји-членки. Тие преговараат со Европската Комисија за трговски договори, но се домаќини на трговски делегации

од поединечните земји-членки кои сакаат да склучат договори на билатерална основа (Пининг, 1997, стр. 195). Поединечни земји-членки можат да се обидат да одиграат унилатерална улога кога тоа може да биде попрофитабилно. Ова покажува дека земјите-членки не ја претопуваат својата надворешна политика преку машинеријата на ЕУ. Овој процес може да се искористи стратегиски од страна на земите од третиот свет и истиот може да му наштети на обединетета ЕУ. Очигледно е дека ова може да му наштети на било кој обид на ЕУ за хегемонистичко водство.

**Заклучок**

Европа се смета за место со внатрешна разновидност која се соочува со кревка идеја за "единство на различностите." Имено, оваа "култура" на различностите не е најдобар предуслов за било каков обид за развој на единствен европски глас/став по однос на надворешните работи. Исто така, моменталната финансиска криза поттикнува силни сомнежи за иднината на Унијата. Така, постојат внатрешни проблеми и неуспеси кои би можеле да бидат пренесени на надворешната димензија. ЕУ сè уште може да биде силен актер на меѓународната сцена, наместо да биде новиот хегемон на светот и мора да ги надмине тековните проблеми и да направи нов концепт на својата положба во мултиполарниот систем.

**Резиме**

Во поглед на неодамнешната финансиската криза во Европската Унија, овој есеј е обид да се направи критички осврт на можната хегемонистичка улога на Европската Унија во меѓународниот систем. Овој труд истражува дали е и натаму можно ЕУ да се издигне како нова хегемонија или наместо тоа да биде пореална е опцијата да претставува стабилен мултиполарен систем. Главната цел е да се аргументира во насока на тоа дека Европската Унија оди по надолна траекторија во однос на четири различни димензии; политичка/институционална, идеолошка/нормативна, воена и економска. Во првиот дел проблемот се разгледува теоретски. Понатаму, трудот ги разгледува многуте различни аспекти на можната хегемонија, по што следува поконкретна анализа на четирите димензии во случајот на ЕУ.

**Malvina TEMA**

**A CRITICAL APPROACH TO A POSSIBLE EU HEGEMONY**

**Abstract**

In the light of new developments related to the financial crisis in the EU, this essay is an attempt to critically evaluate any possible hegemonic role of the European Union in the international system. This paper investigates if it is still possible for the EU to rise as a new hegenomony or rather the prospect of a stable multipolar system is more plausible. The main aim is to argue that the European Union is following a low trajectory in four different dimensions; political/institutional, ideological\normative, military and economic. In the first section the problem will be characterized theoretically. The next section discusses the many faces of a possible hegemony and it is followed by a more specific analysis of the four dimensions in the case of the European Union.

**Литература**

Antoniades, A. (2008). From ‘theories of hegemony’ to ‘hegemony analysis’ in international relations. University of Sussex. Brighton

Brown,Ch. (2001).*Understanding International Relations. Second Edition*. Hampshire. Palgrave Macmillan.

Bretherton, C&Vogler, J.(1999). *The European Union as a Global Actor*. London. Rutledge.

Brückner, U. (2004). (Re-)United We Stand? The Agenda of European integration in 2004 and the future of European Union foreign policy. *Stanford Journal for International Relations*, 2. 44-55

Buchan, D. (1993). *Europe: the strange Superpower*. England. European Communities.

Chiswick,H. (2009). Global Challenges: How Should the European Union Best Respond? [Electronic version]. *Global Society*. 23(1). 3-9. Retrieved May 20, 2009 from the EBSCO database.

Efstathios, T. Fakiolas. (2006). Europe’s ‘Division’ over the war in Iraq. *European Politics and Society*. [Electronic version]. 7(3). 298-311. Retrieved April 30, 2009 from the EBSCO database.

Engelbrekt, K & Hallenberg, J. (2008). *The European Union and Strategy. An emerging actor.* Oxon Routlege.

Foreign and security policy.(n.d) Retrieved March 14, 2009, from Europa, Gateway to the European Union Web: http://europa.eu/pol/cfsp/overview_en.htm

Hegemony, Counter-hegemony, and Stability (n.d). Retrieved May 23 , 2009: http://dflorig.com/Hegemony.htm, http://europa.eu/pol/cfsp/overview_en.htm

Kellar, R.L.(2001). European *Union: US Hegemonic Competitor. California*. Monterey Naval Postgraduate School

Kupchan, Ch,A. (1998). After Pax Americana: Benign Power, Regional Integration, and the Sources of a Stable Multipolarity. [Electronic version]. *International Security*. 23(2). 40-79. Retrieved May 22, 2009 from the Jstor database.

McCormic, J. (2007). *The European Superpower.* Hampshire.Palgrave Macmillan. McGuire, S. &Smith, M. (2008). *The European Union and the United States. Competition and Convergence in the global area.* Hampshire. Palgrave Macmillan.

Orbie, J. (2008). *Europe’s Global Role. External Policies of the European Union.* Hampshire Ashgate Publishing.

Piening, Ch. (1997). *Global Europe. The European Union in World*

*Affairs*. London. Lynne Rienner Publishers Inc.

Smith. J, (2003). The Future of the European Union and the Transatlantic Relationship. [Electronic version]. *International Affairs*, 79(5), 943-949 Retrieved March 30, 2009 from the JSTOR database.

Vibert,F. (2007). *Soft Power and the future of international rule-making*. Potsdam. Friedrich Naumann Foundation.